Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто деведесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 24 октомври 2023 година**

**Скопје, октомври 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто деведесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 24 октомври 2023 година**

Седницата започна во 12:50 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владатад-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, (ВКВ), Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Викторија Аврамовска - Мадиќ, заменик на министерот за правда, проф. д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство, Даим Лучи, заменик на министерот за култура, како и Дрита Абдиу - Халили, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Марија Филева,од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата, м-р Кренар Лога, министер за правда,д-р Фатмир Меџити, министер за здравство и Ристо Пенов, министер за локална самоуправа.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- Информација за статус на реализација на активностите преземени од билатерланите скрининзи за поглавјата од Кластер 2-Внатрешен пазар, со прилог

-Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 13 -Рибарство од Кластер 5 - Ресурси, земјоделство и кохезија на 26 и 27 октомври 2023 година во Брисел, со прилози

1. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.96/2020).

2. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр. 03-561/1).

3. Информација за склучување на Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот колективен договор во делот за плата, други права по основ на плата и надоместоци на плата заради зголемување на платата на вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје

4. Информација за степенот на реализација на активностите од Акцискиот план за имплементација на Стратегијата за градење отпорност и справување со хибридни закани (2021-2025)

5. Ценовник за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението од регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон корисниците на Јавното претпријатие „Студенчица“, Кичево, со дополнувања и со Предлог-одлука

6. Годишна сметка за 2022 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје и Годишен извештај за работењето со финансиски извештаи за годината што завршува на31 декември 2022 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје, со Извештај на независниот ревизор и предлог-одлуки

7. Годишна сметка, финансиски извештаи со Извештај од независниот ревизор и Годишен извештај за работењето на АД за производство на електрична енергија, ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2022 година, со дополнување и предлог-одлуки

8. Годишен извештај за работењето на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД, Скопје за 2022 година, Годишна сметка и финансиски извештаи за 2022 година, со Извештај од независен ревизор и предлог-одлуки

9. Барањена Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје за добивање согласност за вработување на неопределено време

10. Информација за неспроведување на техничкото решение за изградба на девијација на регионалниот пат Р2133, кој се вкрстува во две нивоа со железничките пруги Куманово - граница со Република Бугарија и Табановце - Скопје, како дел од Договорот со изведувачот на градежните работи

11. Информација за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба (Васе Миланов)

12. Предлог на закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Северна Македонија за денационализација, по скратена постапка

13. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за реконструкција на улица „Ацо Шопов“ во населба Чашка, КО Чашка, Општина Чашка, со Предлог-одлука

14. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на Проектот за инфраструктура за Одлагалиште „2“ на стационажа 5+000,00км на Автопат А2, делница: Кичево-Охрид, секција 1 Кичево-Подвис, КО Другово, Општина Кичево, со Предлог-одлука

15. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдување на село Слупчане - изградба на главна водоводна мрежа со приклучок во приклучна шахта од РВС Липково, Општина Липково, со Предлог-одлука

16. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура - градби за производство на енергија (фотоволтаични централи), КО Радовиш-вонград, Општина Радовиш, со Предлог - одлука

17. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Антонета Павлова, ул.„Илинденска“ бр.49, Росоман, со Предлог-одлука

18. Информација во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за МХЕЦ бр.123 Крива Река, бр. 407 Пена,бр.277 Воденешница, бр.349 Блатечка Река и бр.408 Коселска Река

19. Извештај од Третата седница на Мешовитата комисија по Меморандумот за економска соработка меѓу Министерството за економија на Република Македонија и Министерството за економија на Словачката Република

20. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Гарден спа бутик хотел, со Предлог-решение

21. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина- гранит на локалитетот „Градиште“, Општина Штип 3/2023 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.105/23), со Извештај и Предлог - одлука

22. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метлични минерални суровини на локалитетот „Пекљани“, Општина Виница 4/2023 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 105/23), со Извештај и Предлог - одлука

23. Информација во врска со Барање на ТАВ Македонија за зголемување на надомест за користење на полетно-слетна патека и патеките за возење, односно за полетување и слетување на Меѓународниот Аеродром Скопје

24. Барање за отпишување на стар долг спрема Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија-Скопје

25. Предлог - одлука за намалување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - бентонитска глина и кварц на локалитетот „Ранковце“, Општина Ранковце на Заштитното

друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало застапништво и останати услуги Универзал-С ДОО увоз-извоз Крива Паланка

26. Предлог - одлука за намалување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - вулкански туф на локалитетот „Славишко Поле“, с.Ветуница, Општина Ранковце на Друштвото за производство, транспорт, трговија и услуги Диатомак ДООЕЛ Пробиштип

27. Информација за статусот на реализација на предвидените активности и проекти во рамките на Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави

28. Информација за правосилност на Пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Китановска и Барбуловски против Северна Македонија А.бр.53030/19 и 31378/20, со Предлог-одлука

29. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово

30. Предлог - одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во операцијата на Европската Унија „АЛТЕА“ во Босна и Херцеговина

31. Информација по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за вонсемејна социјална заштита за стари лица „Сувенир“, во село Самоков, Општина Македонски Брод, со Предлог-одлука

32. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом-Струга за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на медицината на трудот

33. Барање за давање на автентично толкување на членовите 124 и 125 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15 и 65/18), поднесено од градоначалникот на Општина Центар

34. Иницијатива поднесена од Трговското друштво Интерпрогрес ДОО Скопје, застапувано од адвокат Илија Чилиманов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.143/23 за оценување на уставноста и законитоста на Уредбата за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.81/22) и Уредбата за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.168/22)

35. Иницијатива од Хелсиншки комитет за човекови права, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.139/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 и член 2 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23)

36. Иницијатива од Хелсиншкиот комитет за човекови права од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.138/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 1, 3 и 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23)

37. Понуда од нотар Иво Серафимоски од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101460 и Имотен лист бр.101461, за КО Тетово 1, на КП бр.1864/1, викано место/улица „Љ.Божиновски58“, со дополнување

38. Понуда од нотар Ана Јолакоска од Скопје за продажба на недвижен имот - градежно земјиште кое претставува 883/1052 идеален дел одКП бр.1870/2, КО Илинден, евидентирано во Имотен лист бр.3235, викано место „Трница“

39. Понуда од нотар Фатиме Дурмиши од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.984 за КО Мала Речица, на КП бр.1520, викано место/улица „Село“ и Имотен лист бр.100631 за КО Мала Речица, на КП бр.1520, викано место/улица „Село“

40. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.686, за КО Петровец, наКП бр.583/2, викано место/улица „Монопол“

41. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.50585, за КО Кисела Вода 1, на КП бр.963/3, викано место/улица „Т. Петровски“

42. Кадровски прашања

43. Прашања и предлози

44. Информација за тековни предмети против Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, со прилози

45. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје за втор квартал 2023 година

46. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД за производство на електрична енергија - ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, за периодот1 април - 30 јуни 2023 година

47. Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, за период од 1 април 2023 до 30 јуни 2023 година

48. Годишен извештај за работата на внатрешната ревизија за 2022 година на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје

49. Тримесечен извештај за работењето на М-НАВ АД, Скопје за периодот јануари -март 2023 година

50. Годишен извештај за работа на Цивилно-воениот комитет за воздухопловство за 2022 година
51. Финансиски извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје, за периодот 1 април 2023 година - 30 јуни 2023 година

52. Предлог - одлука за основање на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле - Скопје

53. Предлог-одлуказа изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово

54. Информација за поведување на постапка за водење на преговори за склучување договор за пристап до студии и прием на високо образование во Западен Балкан, со усогласен текст на Предлог и усогласен текст на Договор

55. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - варовник на локалитетот „Татарли Чука“, Општина Валандово од Градежното друштво Гранит АД Скопје на Друштвото за трговија, земјоделство, производство и услуги Бони интерградба ДОО увоз-извоз Струмица

56. Информација во врска со Предлог-договор за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги Вик Македонија ДООЕЛ како закупец на земјиште, со предлог-одлуки

57. Информација во врска со потребата Државното правобранителство на Република Северна Македонија како законски застапник на Министерството за финансии, да го застапува истото пред органите во Република Србија, во врска со отуѓувањето на акциите во Алта банка АД Белград, сопственост на Министерството за финансии, Република Северна Македонија

58. Предлог - одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението за општествен развој Струга ЕОС - Струга - СЕОС

*

*  *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

- **Информација за статус на реализација на активностите преземени од билатерланите скрининзи за поглавјата од Кластер 2-Внатрешен пазар**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на реализација на активностите преземени од билатералните скрининзи за Поглавјата од Кластер 2-Внатрешен пазар, со прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат надлежните институции наведени во Прилог 1-Табеларен приказ на активностите со рок на реализација крај на 2023 година, најдоцна до 26.10.2023 година, да достават образложение до Секретаријатот за европски прашања за доцнењето и пролонгирањето на активностите преземени на билатералните скрининзи за реализација со рок до крајот на 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за култура да достави до Секретаријатот за европски прашања одговор на прашањето „Дали комуникацијата на Комисијата за државна помош за филмови и други аудиовизуелни дела (С 332 од 15.11.2013 година) е транспонирана во Законот за филмска дејност?“, на македонски и англиски јазик, најдоцна до 30.10.2023 година.

- **Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 13 -Рибарство од Кластер 5 - Ресурси, земјоделство и кохезија на 26 и 27 октомври 2023 година во Брисел**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 13 - Рибарство од Кластер 5 - Ресурси, земјоделство и кохезија на 26 и 27 октомври 2023 година во Брисел, со прилози.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.96/2020).

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.03-561/1).

**Точка 3**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за склучување на Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот колективен договор во делот за плата, други права по основ на плата и надоместоци на плата заради зголемување на платата на вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје, за наредната седница на Владата.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на активностите од Акцискиот план за имплементација на Стратегијата за градење отпорност и справување со хибридни закани (2021-2025) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за транспорт и врски, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерството за финансии, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Центарот за управување со кризи и Армијата на Република Северна Македонија да ги преземат сите неопходни активности за 2022 и 2023 година, согласно Акцискиот план и за реализацијата на истите, до крајот на декември 2023 година да ја информираат Канцеларијата на Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница.

2. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за транспорт и врски, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерството за финансии, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Центарот за управување со кризи и Армијата на Република Северна Македонија, во рок од десет дена, до Канцеларијата на Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница да доставaт номинации на лица кои ќе бидат определени за спроведување на активностите од Акцискиот план.

**Точка 5**

Владата по Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението од регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон корисниците на Јавното претпријатие „Студенчица“, Кичево, со дополнувања и со Предлог-одлука и препорача на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија повторно да го разгледа Барањето за утврдување на тарифа за водна услуга, со предлог - тарифи, поднесено од страна на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“, Кичево, имајќи ги предвид сите параметри на нормално функционирање на Претпријатието.

**Точка 6**

Владата по Годишната сметка за 2022 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје и Годишниот извештај за работењето со финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2022 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје, со Извештај на независниот ревизор и предлог-одлуки ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка за 2022 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје.

2. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Годишниот извештај за работењето за 2022 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје.

3. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето искажани во Годишната сметка за 2022 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје.

**Точка 7**

Владата по Годишната сметка, финансиските извештаи со Извештај од независниот ревизор и Годишен извештај за работењето на АД за производство на електрична енергија, ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2022 година, со дополнување и предлог-одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2022 година.

2. Одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2022 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино.

3. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2022 година (Небојша Стојановиќ, член на Управен одбор).

4. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2022 година (Билјана Петроска - Мантева, член на Управен одбор).

5. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2022 година (Игор Бојаџиев, член на Управен одбор).

6. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2022 година (Јане Стоименов, член на Управен одбор).

7. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2022 година (Никола Ангеловски, член на Управен одбор).

8. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2022 година (Елена Данева, член на Надзорен одбор).

9. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2022 година (Трајче Крстевски, член на Надзорен одбор).

10. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2022 година (Андријан Ташковски, член на Надзорен одбор).

11. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2022 година (Јордан Шијаков, член на Надзорен одбор).

12. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2022 година (Блаже Димов, член на Надзорен одбор).

13. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2022 година (Зоран Бањански, член на Надзорен одбор).

## Точка 8

Владата по Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД, Скопје за 2022 година, Годишната сметка и финансиските извештаи за 2022 година, со Извештај од независен ревизор и предлог-одлуки ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Годишниот финансиски извештај со завршната сметка, Ревизорскиот извештај и Годишниот извештај за работа за 2022 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје.

2. Одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2022 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје.

Истовремено, Владата го задолжи Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, во рок од 30 дена до Владата да достави акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки за постапување по ревизорскиот извештај.

**Точка 9**

Владата го разгледа и даде согласност на Барањето на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје за добивање согласност за вработување на неопределено време.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за неспроведување на техничкото решение за изградба на девијација на регионалниот пат Р2133, кој се вкрстува во две нивоа со железничките пруги Куманово - граница со Република Бугарија и Табановце - Скопје, како дел од Договорот со изведувачот на градежните работи и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје да го извести Јавното претпријатие за државни патишта за неспроведување на проектот „Девијација на државен пат Р2133 кај с.Лопате за премостување на железничките пруги Куманово - граница со Република Бугарија и Табановце - Скопје“ во рамките на Договорот со изведувачот JVCA: STRABAG Sp.zo.o; STRABAG AG; STRABAG Rail a.s. за изградба и реконструкција на железничката пруга Куманово - Бељаковце.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје во рамките на друг проект планиран на среднорочен/долгорочен план да изработи техничка документација за изградба на „Девијација на државен пат Р2133 кај с.Лопате за премостување на железничките пруги Куманово - граница со Република Бугарија и Табановце - Скопје“ и да ја спроведе истата.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Васе Миланов).

**Точка 12**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Северна Македонија за денационализација, по скратена постапка го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Магдалена Симоновска, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за реконструкција на улица „Ацо Шопов“ во населба Чашка, КО Чашка, Општина Чашка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за реконструкција на улица „Ацо Шопов“ во населба Чашка, КО Чашка, Општина Чашка.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на Проектот за инфраструктура за Одлагалиште „2“ на стационажа 5+000,00км на Автопат А2, делница: Кичево-Охрид, секција 1 Кичево-Подвис, КО Другово, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на Проектот за инфраструктура за Одлагалиште „2“ на стационажа 5+000,00км на Автопат А2, делница: Кичево-Охрид, секција 1 Кичево-Подвис, КО Другово, Општина Кичево.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдување на село Слупчане - изградба на главна водоводна мрежа со приклучок во приклучна шахта од РВС Липково, Општина Липково, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдување на село Слупчане - изградба на главна водоводна мрежа со приклучок во приклучна шахта од РВС Липково, Општина Липково.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура - градби за производство на енергија (фотоволтаични централи), КО Радовиш-вонград, Општина Радовиш, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура - градби за производство на енергија (фотоволтаични централи), КО Радовиш-вонград, Општина Радовиш.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Антонета Павлова, ул.„Илинденска“ бр.49, Росоман, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за МХЕЦ бр.123 Крива Река, бр. 407 Пена, бр.277 Воденешница, бр.349 Блатечка Река и бр.408 Коселска Река и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува министерот за економија, да ја врати банкарската гаранција за изведба за локација бр.123 Крива Река на концесионерот ПЦЦ Нев Хидро ДООЕЛ.

2. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ЦММ Енерѓи компани ДООЕЛ Скопје дека за локацијата бр.407 Пена, согласно член 13 став 7 од

Договорот за концесија му се продолжува разумниот рок до 17.12.2023 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

3. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ХЕЦ 277 ДОО Скопје дека за локацијата бр.277 Воденешница, согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува разумниот рок до 7.11.2023 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

4. Го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.349 Блатечка Река на концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани до 9.1.2024 година.

5. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 4 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.349 Блатечка Река.

6. Се задолжува Министерството за економија да ја наплати гаранцијата за изведба на концесионерот ХЕЦ 408 за локацијата бр.408 Коселска Река, поради настанат случај на неизвршување на обврската за отпочнување со комерцијална работа.

7. Се задолжува Министерството за економија до концесионерот ХЕЦ 408 да достави известување со кое му се дава разумен рок до 7.3.2024 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето за да се обезбеди почитување на Договорот во рокот утврден со известувањето.

8. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ХЕЦ 408 да достави нова гаранција за изведба со важност најмалку до 7.4.2024 година.

**Точка 19**

Владата го разгледа Извештајот од Третата седница на Мешовитата комисија по Меморандумот за економска соработка меѓу Министерството за економија на Република Македонија и Министерството за економија на Словачката Република и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика до 30 октомври 2023 година, преку Министерството за надворешни работи да покрене иницијатива за потпишување на Протокол за соработка со ресорното министерство за труд во Словачката Република, со цел зајакнување на взаемната соработка во делот на пазарот на труд и превенирање на негативни појави при вработување на македонски државјани во Словачката Република.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи до 30 октомври 2023 година, преку амбасадата на Република Северна Македонија во Словачката Република да ја обезбеди официјална т.н. црна листа на агенции за времени вработувања на кои веќе се одземени лиценците за работа, а кои во минатото злоупотребувале странски работници присутни на пазарот на труд во Словачката Република.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, а се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија по потпишување на протоколот од заклучок бр. 1 и договорот од заклучок бр. 4 на веб - страницата на Агенцијата за вработување да ја објават т.н. црна листа на агенции за времени вработувања и да воспостават соработка со словачката страна за поддршка на позитивната кампања која е во тек во Словачката Република за странска работна сила водејќи сметка за интересите и работничките права на македонските

државјани во Словачката Република и интересите на економијата на Република Северна Македонија.

4. Се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија до 30 октомври 2023 година, да покрене иницијатива за потпишување на договор за соработка со соодветната институција во Словачката Република.

5. Се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија до 31 декември 2023 година, во рамки на своите законски надлежности да отпочне со активности за обезбедување на сите потребни информации на македонските државјани во врска со работата во странство, со цел нивно навремено информирање пред заминување на работа во странство, а кои се во насока на нивна заштита.

6. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, а се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, да преземат дополнителни активности за потпишување на посебен договор за посредување при вработување на македонски државјани во Словачката Република и на словачки државјани во Република Северна Македонија. Оваа активност да се реализира по потпишување на протоколот од заклучокот бр. 1 и договорот во заклучок бр. 4 на овој извештај.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Гарден спа бутик хотел, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди супериор).

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина- гранит на локалитетот „Градиште“, Општина Штип 3/2023 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.105/23), со Извештај и Предлог - одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - гранит на локалитетот „Градиште“, Општина Штип 3/2023 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 105/23).

2. Ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - гранит по Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-гранит на локалитетот „Градиште“, Општина Штип 3/2023.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метлични минерални суровини на локалитетот „Пекљани“, Општина Виница 4/2023 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 105/23), со Извештај и Предлог - одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 4/2023, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 105/23.

2. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - металични минерални суровини на Друштвото за производство, трговија и услуги Енергосолуција ДООЕЛ Виница на локалитетот „Пекљани“, Општина Виница.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барање на ТАВ Македонија за зголемување на надомест за користење на полетно-слетна патека и патеките за возење, односно за полетување и слетување на Меѓународниот Аеродром Скопје, ја усвои Информацијата и го одобри Барањето на ТАВ Македонија за зголемување на надомест за користење на полетно-слетна патека и патеките за возење, односно за полетување и слетување на Меѓународниот Аеродром Скопје.

**Точка 24**

Владата по Барањето за отпишување на стар долг спрема Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија-Скопје заклучи да се одржи тематска седница на Владата на која ќе се разгледа Информацијата за напредокот на работата на работната група за подготовка на соодветен план за реструктурирање и реорганизација на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија-Скопје.

Истовремено, се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Здружението на даватели на комунални услуги (АДКОМ) за тематската седница на Владата, да подготви и до Владата да достави информација за вкупните долгови на јавните комунални претпријатија.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за намалување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - бентонитска глина и кварц на локалитетот „Ранковце“, Општина Ранковце на Заштитното друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало застапништво и останати услуги Универзал-С ДОО увоз-извоз Крива Паланка.

**Точка 26**

Владата јадонесе Одлуката за намалување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - вулкански туф на локалитетот „Славишко Поле“, с.Ветуница, Општина Ранковце на Друштвото за производство, транспорт, трговија и услуги Диатомак ДООЕЛ Пробиштип.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на предвидените активности и проекти во рамките на Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои не се органи на државната управа, кои се надлежни институции опфатени со усвоениот „План за активности во рамките на Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и САД со период на реализација од 2023-2033 година“, до Министерството за надворешни работи, да доставaт квартални извештаи најдоцна до 7 ноември 2023 година и 7 февруари 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи и понатаму да го следи текот на реализацијата на активностите и проектите опфатени во горенаведениот План, и за истите, до Владата, да достави сеопфатен извештај за реализирани активности, најдоцна до 15 февруари 2024 година.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Китановска и Барбуловски против Северна Македонија А.бр.53030/19 и 31378/20, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година (финансиските средства да бидат исплатени најдоцна до 1.11.2023 година).

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во операцијата на Европската Унија „АЛТЕА“ во Босна и Херцеговина, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за вонсемејна социјална заштита за стари лица „Сувенир“, во село Самоков, Општина Македонски Брод, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на одобрение за основање на приватна установа за вонсемејна социјална заштита за стари лица.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом-Струга за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на медицината на трудот.

**Точка 33**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членовите 124 и 125 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“бр. 124/15 и 65/18), поднесено од градоначалникот на Општина Центар и притоа го утврди следното мислење:

Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр.124/2015 и 65/2018) е процесен закон со кој се уредува постапката за остварување на заштита на правата и правните интереси на физичките лица, правните лица и другите странки, како и заштита на јавниот интерес по која се должни да постапуваат министерствата, органите на државната управа, организациите утврдени со закон, другите државни органи, правните и

физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и органите на општината, на Градот Скопје и општините од Градот Скопје, кога во вршењето на своите законски надлежности, постапуваат, решаваат и преземаат други управни дејствија во управни работи. Со истиот закон се предвидени неколку вонредни правни средства со кои може да се укинат, поништат или изменат решенијата донесени во управната постапка. Еден од тие правни лекови, за акти кои содржат тешки и сериозни повреди на законот, е огласувањето на управниот акт за ништовен и се применува во исклучителни случаи, односно кога се исполнети строгите законски услови предвидени за тоа.

Во член 124 став (1), Законот за општата управна постапка ги утврдува причините (вкупно шест) поради кои управниот акт може да се огласи за ништовен. Во став (2) Законот утврдува дека управниот акт може да се огласи за ништовен по службена должност или по предлог на странката, а во став (3) дека управниот акт може да се огласи за ништовен во целост или делумно. Согласно став (4) управниот акт го огласува за ништовен органот што го донел или второстепениот орган, а ако нема второстепен орган, органот што со закон е овластен да врши надзор над работата на органот што го донел решението. Со ставот (5) е утврдено дека против управниот акт со кој некој акт се огласува за ништовен или се одбива предлогот на странката за огласување на управниот акт за ништовен е допуштена жалба. Ако нема орган што решава по жалбата, против таквиот управен акт може непосредно да се поведе управен спор.

Во член 125, Законот за општата управна постапка, го нормира дејството на поимите поништување и укинување, односно точно го одредува правниот ефект и правните последици.

Согласно став (1) со поништувањето на управниот акт и со огласувањето за ништовен се поништуваат и правните последици што ги произвел таквиот управен акт. Станува збор за ретроактивно дејство од моментот кога настанале последиците, а не од моментот на огласување на управниот акт за ништовен или од моментот на неговото поништување.

Согласно став (2) со укинување на управниот акт не се поништуваат правните последици што управниот акт веќе ги произвел, но се оневозможува натамошно произведување на правни последици од укинатиот управен акт. Според тоа, со укинатиот правен акт се оневозможува правно дејство за во иднина, додека произведените правни последици остануваат непроменети.

Согласно став (3) органот кој ќе дознае за управен акт со кој е повреден законот, а повредата може да биде причина за повторување на постапката, односно за поништување, укинување или менување на управниот акт, должен е без одлагање за тоа да го извести јавниот орган надлежен за поведување постапка и за донесување на управниот акт.

Од погоре цитираните одредби јасно и недвосмислено произлегува дека управниот акт го огласува за ништовен органот што го донел или второстепениот орган, а ако нема второстепен орган, органот што со закон е овластен да врши надзор над работата на органот што го донел решението. Управен акт се прогласува за ништовен ако има сериозни прекршувања што спречуваат да се произведат правни последици. Имајќи предвид дека законодавецот не пропишал рок, односно временско ограничување за примена на ова вонредно правно средство, управниот акт може да се огласи за ништовен во секое време, по службена должност или по барање на странките, односно во интерес на странките на управната постапка и од јавен интерес, во целост или делумно.

Во однос на Барањето на мислење во врска со Ургенцијата Уп1 27-116/2019 од 1.2.2023 година од Весна Анчева за огласување ништовност на Решение бр. 34-16-4033/2 од 23.2.2004 година донесено од страна на Министерството за транспорт и врски, а доставено до Општина Центар - Скопје, во кое се поставува прашањето дали е надлежно Министерството за транспорт и врски или Општина Центар - Скопје да постапува по овој вонреден правен лек за ништовност на донесеното предметно решение, Владата на Република Северна Македонија е на мислење дека особено треба да се има предвид и да се применува Одлуката за вршење на работите за

располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Центар бр. 44-10897/1 од 18.12.2018 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 234/2018, донесена од Владата на Република Македонија, согласно која Општина Центар се стекнува со правото на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, како и доследно да се применуваат одредбите од членот 56 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 275/19). Потребата од примена на членот 56 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 275/19), како преодна одредба која е јасна и прецизна во конкретниот случај, е и од причина што Законот за градежно земјиште е lex specialis и има првенствена примена во однос на Законот за општата управна постапка како lex generalis.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на членовите 124 и 125 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015 и 65/2018), поднесено од градоначалникот на Општина Центар, имајќи предвид дека одредбите од Законот се јасни и прецизни, како и дека одредбите од членот 56 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 275/19) се сосема јасни.

## Точка 34

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Трговското друштво Интерпрогрес ДОО Скопје, застапувано од адвокат Илија Чилиманов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.143/23 за оценување на уставноста и законитоста на Уредбата за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.81/22) и Уредбата за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.168/22) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се оспорува Уредбата за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 81/22) и Уредбата за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 168/22), бидејќи се во спротивност со членот 52 став (4), од Уставот на Република Северна Македонија.

Според наводите во Иницијативата со оспорените уредби се прави повреда на уставноста и законитоста бидејќи законите во Република Северна Македонија мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законите (член 51 од Уставот), законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок кога тоа е поповолно за граѓаните (член 52 од Уставот).

Имено, според наводите во Иницијативата согласно Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/05, 13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16, 178/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), крајниот рок за поднесување на барањата за приватизација на градежно земјиште истекувал на 31.12.2021 година. Ако се земат предвид датумите кога се донесени и објавени уредбите со кои се определува надоместокот за приватизација, се доаѓа до заклучок дека за најголем дел од

земјиштето, барањата за приватизација можеле да се поднесат пред донесувањето и влегувањето во сила на уредбите, објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.81/22 и 168/22.

Правните и физичките лица кои поднеле барање за приватизација согласно законските прописи очекувале дека приватизацијата ќе ја спроведат, односно ќе треба да платат надомест за приватизација согласно уредбите кои биле во важност во време на поднесување на барањето за приватизација. Вака со начинот на кој постапува Владата-донесува Уредби со кои драстично ги менува условите под кои може да се приватизира земјиштето на начин што цената која треба да ја платат субјектите кои водат постапки за приватизација повеќекратно се зголемува. Спорно е тоа што новите цени-надоместоци кои треба да се платат за приватизација се применуваат и за постапки за приватизација кои се во тек, што значи дека Уредбата содржи одредби кои имаат повратно дејство што е спротивно на член 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија.

Владата на Република Северна Македонија како орган кој ги носи уредбите за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 81/2 и 168/22) е свесна за фактот дека промената на износот кој треба да се плати за приватизација на градежно земјиште за постапки кои се во тек може да се прави само во случај кога новопредвидениот износ кој треба да се плати за приватизација е поповолен за граѓаните што значи понизок износ што треба да се плати. Тоа се огледа што во член 4 од Уредбата за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 115/09, е предвидено дека: „На постапките за приватизација на градежно земјиште започнати пред денот на влегувањето во сила на оваа уредба ќе се применува висината на надоместот определен со Прегледот кој е составен дел на оваа уредба, доколку истиот е поповолен за странките.“.

Во оспорените уредби за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште не е содржана формулацијата дека висината на надоместокот содржана во Прегледот, се применува на постапките за приватизација кои се во тек, доколку истиот е поповолен за граѓаните.

Со оглед на наведеното се предлага Уставниот суд во рамките на своите надлежности да ги укине оспорените уредби како општи акти кои имаат повратно дејство кое не е поволно за граѓаните, што е спротивно на член 52 од Уставот на Република Северна Македонија.

Наводите во Иницијативата се неосновани од следниве причини:

Согласно член 24 став (1) од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/05, 13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16, 178/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), висината на надоместот за градежното земјиште што е предмет на приватизација, како и начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација, на предлог на министерот за финансии ги пропишува Владата на Република Северна Македонија.

Според член 1 од Уредбата за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 81/22), Прегледот за висина на надоместот за приватизација на градежното земјиште, се заменува со нов Преглед, кој е составен дел на оваа уредба.

На постапките за приватизација на градежното земјиште започнати пред денот на влегувањето во сила на оваа уредба, ќе се применува висината на надоместот определена со Прегледот, кој е составен дел на оваа уредба, согласно член 2 од Уредбата.

Имено, со Уредбата за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/22), се утврдува повисок износ на надомест за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост со намена: предвидено колективно домување со актите за планирање на просторот кое не е реализирано, комерцијални, деловни, стопански, производни и објекти наменети за спорт и рекреација. При тоа, висината на износот за надоместот за приватизација за градежно земјиште во државна сопственост за сите други видови намени останува непроменета.

Измената во смисла на погоре наведеното е извршена поради зголемената пазарна вредност на градежното земјиште во однос на вредноста на градежното земјиште во 2005 година, кога влезе во сила Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, а пред се со цел да се оневозможи правните и физички лица кои по основ на приватизација со досегашниот надомест за приватизација, реализираа градби за намени предвидени со актите за планирање на просторот, а кои, всушност, беа само со намена: колективно домување, комерцијални, деловни, стопански, производни објекти и објекти наменети за спорт и рекреација, со што се стекнуваа со неоснована имотна корист.

Воедно се укажува дека титулар на сопственоста на градежното земјиште во Република Северна Македонија е државата, бидејќи земјиштето е на Република Северна Македонија и државата ги определува условите за стекнување на право на сопственост на истото, а законската регулатива со која се уредува прашањето и постапката за приватизација на градежното земјиште во државна сопственост е Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/05, 13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16, 178/16, 120/18 и 122/21).

Висината на надоместокот е изменета со оспорените уредби само за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост, чија намена е колективно домување, комерцијални, деловни, стопански, производни објекти и објекти наменети за спорт и рекреација. Ова е со цел да е обезбеди праведност во однос на висината на надоместокот, кој се плаќа за приватизација за овој вид на земјиште, во однос на исти или слични постапки, во кои правните и физичките лица се стекнуваат со сопственост над градежно земјиште во државна сопственост за многу повисок надомест, односно цена, со што на овој начин се обезбедува владеење на правото и се оневозможува злоупотребата и неоснованото стекнување на имотна корист на овој начин.

Имајќи го предвид горенаведеното Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија Иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на Уредбата за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.81/22) и Уредбата за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.168/22) да ја отфрли како неоснована.

**<u>Точка 35</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Хелсиншки комитет за човекови права, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.139/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 и 2 став (1) од Законот за изменување и дополнување на

Законот за експропријација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се оспорува член 1 и член 2 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23), бидејќи бил во спротивност со член 8 став (1), член 9 став (2) и член 30 од Уставот на Република Северна Македонија.

Според наводите во Иницијативата со оспорените одредби се прави повреда на уставноста и законитоста, бидејќи со оспорениот закон се ограничува правото на сопственост кое е загарантирано со Уставот и меѓународните стандарди, како и заобиколување на постоење на јавен интерес, кој е неопходен за спроведување на експропријацијата и истовремено намалување на степенот на гаранција дека средствата за надомест се обезбедени и дека сведувањето на истите на формалност без механизми кои обезбедуваат и фактичка реализација на надоместот преку резервирање на средства со соодветен доказ и резервирање со банкарска гаранција.

Согласно член 8 од Уставот на Република Северна Македонија една од темелните вредности на уставниот поредок во Република Северна Македонија е владеењето на правото и правната заштита на сопственоста, а според член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви. Согласно член 30 од Уставот на Република Северна Македонија, предвидено е дека никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес, утврден со закон со што се обезбедува гаранција дека граѓанинот како физичко лице или правното лице како носител на правото на сопственост за одземањето и ограничувањето на тоа право, во име исклучиво на јавниот интерес ќе добие соодветен надомест, додека пак според член 50 ставови 1 и 2 од Уставот, се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.

Со членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23) се предвидува исклучок од член 26 точка 6, во случај кога се врши експропријација за изградба на градби од стратешки интерес кои се реализираат како стратешки инвестициони проекти или проекти од стратешко национално значење. Па така, според наводите во Иницијативата, наместо досегашните гаранции дека на сопствениците ќе им бил обезбеден надомест за експроприраната недвижност, со обезбедување на банкарска гаранција од страна на јавните претпријатија, трговските друштва и други институции основани од државата, сега се намалувал сигурносниот стандард од задолжителната банкарска гаранција со едноставно известување дека се планирани средства од лицето кое раководи со институцијата која не е буџетски корисник. Воедно, овој исклучок бил предвиден за градби од стратешки интерес што како поим не бил дефиниран и воопшто не влегувал во рамката што може да се смета како јавен интерес. Поради тоа оваа одредба според подносителот на Иницијативата била спротивна на Уставот на Република Северна Македонија и предвидувала ограничување и одземање на сопственоста, спротивно на условите предвидени во Уставот што треба кумулативно да бидат исполнети. Исто така, оваа одредба не обезбедувала еднаков третман на граѓаните под исти околности во зависност од тоа со каква цел се врши експропријацијата, односно дали таа е од стратешки интерес или не.

Со членот 2 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23) се дополнува членот 33 во ставот 2, со што се предвидува дека освен предвидените случаи на итност во јавниот интерес или отстранување штета или опасност, недвижноста може да се предаде во владение и пред правосилноста на решението за експропријација и во случаите на изградба на градби од стратешки интерес.

Оттука, според наводите во Иницијативата, предавањето во владение пред правосилноста на решението за експропријација до сега оправдано било предвидено само во случај на итност за изведување на работи кои се таксативно набројани во членовите 6 и 7 од Законот за експропријација и кои ја даваат рамката на јавниот интерес, како и во случаи кога се заканува позначителна материјална штета и опасност по здравјето на луѓето и животната средина. Според подносителот на Иницијативата, изградбата на градби од стратешки интерес пред се била неопределена категорија и воопшто не влегувала во дефиницијата на јавен интерес, која членовите 6 и 7 од Законот за експропријација ја нудат, што значело дека не само што градби од стратешки интерес не претставувале сами по себе основ за експропријација, туку и не можеле да бидат основ за ограничување на правото на граѓанинот побараната судска заштита да му обезбеди одолжување на експропријацијата или одземање на владението како едно од овластувањата кое произлегува од правото на сопственост. Судската заштита која сопственикот ја имал и кога ќе одлучел дека ќе ја барал станувала излишна кога губењето на владението без реална оправдана причина веќе му го одземало овластувањето на држење, користење и ползување на плодовите од недвижноста до правосилноста на решението за експропријација. Тоа претставувало повреда на уставно загарантираното право на граѓанинот на судска заштита на своите права, а паралелно на тоа со значително намалени гаранции за добивање надомест кои биле сведени на чиста формалност во форма на известување. Утврдување на различни правила под кои се остваруваат правата предизвикува континуирана примена на паралелни правила преку кои се постигнувале различен степен на гаранција на остварување на надомест и постоење оправданост на спроведување на постапка за експропријација. За граѓанинот кој потенцијално можел да се јави како странка во постапка за експропријација во ниту еден момент не постои правна сигурност дека тој правата ќе ги остварува на еднаков начин со останатите граѓани.

Наводите во Иницијативата се неосновани од следниве причини:

Со членот 1 од Законот за експропријација се уредува одземањето и ограничувањето на правото на сопственост и на имотните права на недвижности заради реализација на јавен интерес утврден со закон, а заради градење на објекти и изведување на други работи, утврдувањето на јавниот интерес, постапката за експропријација и постапката за определување на пазарниот надоместок.

Според членот 2 став (1) од Законот, по заснованото право на сопственост на експроприраната недвижност на Република Македонија или на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје, а заради реализација на јавниот интерес недвижноста може да се дава на концесија, долготраен закуп и користење согласно со закон. Според ставот (2) на истиот член, јавниот интерес од ставот (1) на овој член се утврдува со овој или со друг закон.

Со оглед дека Законот за експропријација предвидел одземањето на правото на сопственост и неговото ограничување да се врши само во случај на јавен интерес утврден со Законот за експропријација или со друг закон наводите во Иницијативата дека оспорената одредба е спротивна на членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија се неосновани.

Имено, со Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот коридор 8 (Делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10д (Делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.163/21 и 111/23), во членот 7 е утврден јавен интерес за изградба на Коридорот 8 и Коридорот 10 д.

Во однос на наводите во Иницијативата дека наместо досегашните гаранции на сопствениците ќе им биде обезбеден надомест за експроприраната недвижност, со обезбедување на банкарска гаранција од страна на јавните претпријатија, трговските друштва и други институции

основани од државата, сега се намалува сигурносниот стандард од задолжителната банкарска гаранција со едноставно известување дека се планирани средства од лицето кое раководи со институцијата, се смета дека истите се неосновани затоа што Законот за експропријација го гарантира правото на надомест за експроприрана недвижност, кој не може да биде понизок од пазарната вредност на недвижноста. Притоа, Законот за експропријација во одредбите од членовите 30 и 47 предвидел дека предлагачот на експропријацијата и сопственикот на недвижноста можат да постигнат спогодба до правосилноста и по правосилноста на решението за експропријација, а доколку пред органот за експропријација спогодба не се постигне, за надоместокот одлучува надлежниот суд.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбите од членовите 1 и 2 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23) се во согласност со членовите 8, 9, 30, 50 и 51 од Уставот на Република Северна Македонија и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли како неоснована.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Иницијативата од Хелсиншкиот комитет за човекови права од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.138/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 1, 3 и 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата го оспорува во целина Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23). Во истата наведува дека и покрај постојната законска регулатива за планирање на просторот и точно утврдена постапка за одобрување и изработка на урбанистички проекти, се вметнува нова категорија, односно урбанистички проект за градби од стратешки интерес, предвидувајќи нови правила за изработка и донесување на истиот, како и утврдување на правила различни од постоечките за процесот на одобрување на урбанистичките проекти. Воедно, според наводите во Иницијативата, со измените и дополнувањата на Законот за урбанистичко планирање и вметнувањето нова категорија, законодавецот целел кон тоа да ги заобиколи правилата за изработка и одобрување на урбанистичките проекти со целосно прескокнување на фази во процесот на одобрување на урбанистичките проекти кои се веќе предвидени во член 62 од Законот за урбанистичко планирање.

Според подносителот на Иницијативата, со оспорениот закон биле повредени темелните вредности на уставниот поредок утврдени во член 8 алинеи 3 и 10 од Уставот на Република Северна Македонија, односно владеењето на правото и уредувањето и хуманизацијата на просторот, како и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата, како и членовите 9, 43, 50 ставови 1, 2 и 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Од страна на подносителот на Иницијативата е дадено образложение за причините за оспорувањето кое се однесува за членовите 1, 3 и 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23).

Согласно член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, односно граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 43 од Уставот на Република Северна Македонија, секој човек има право на здрава животна средина. Секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и

природата. Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

Согласно член 50 ставови 1 и 2 од Уставот, секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност, односно се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.

Според членот 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите, а според член 55 од Уставот, се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.

Со членот 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20) се уредува системската и хиерархиската уреденост на урбанистичкото планирање во системот на просторното и урбанистичкото планирање, целите и начелата на урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот, видовите и содржината на урбанистичките планови, условите за вршење на работите од областа на урбанистичкото планирање, постапките за изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови, надзорот над спроведувањето на одредбите на овој закон, како и други работи од областа на урбанистичкото планирање.

Според подносителот на Иницијативата, во Законот кој е предмет на Иницијативата, се оперира со терминот „проекти и градби од стратешки интерес", без притоа да се утврдат јасни рамки за тоа кои видови на градби може да се сметаат за градби од стратешки интерес, служејќи се со формулацијата „и други градби од јавен интерес" кои се реализираат или би се реализирале како проекти од стратешко и национално значење.

Согласно членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.111/23) со кој во членот 2 се додава нова точка 7-а се предвидува дека градби од стратешки интерес се државни патишта, железнички пруги, магистрални гасоводи, како и други градби од јавен интерес, кои се реализираат како стратешки инвестициони проекти или проекти од стратешко национално значење утврдени со закон.

Имајќи ја предвид цитираната одредба од оспоруваниот закон, Владата смета дека се неосновани наводите на подносителот бидејќи додавањето на формулацијата „и други градби од јавен интерес" законодавецот го направил од причина што неможел таксативно да ги предвиди сите видови градби од јавен интерес.

Воедно, наводите во Иницијативата се неосновани бидејќи покрај државни патишта, железнички пруги, магистрални гасоводи, како градба од стратешки интерес во смисла на Законот за градење, се смета градба од јавен интерес која со посебен закон е утврдена како стратешки инвестиционен проект или проект од стратешко национално значење и за изградбата на истата треба да се спроведе постапка за урбанистички проект за градби од стратешки интерес кој го одобрува или не го одобрува Владата на Република Северна Македонија согласно одредбите од Законот за урбанистичко планирање, во зависност од прибавените податоци.

Понатаму, според подносителот на Иницијативата се оспорува членот 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.111/23), во насока на тоа дека во истиот во ново додадениот став (4) од членот 42, се предвидува исклучок од член 58 став (1) од Законот, каде што таксативно се наброени видовите на урбанистички проекти, што тие претставуваат и за

што тие служат. При тоа се наведува дека исклучокот во суштина значи дека урбанистичките проекти за градби од стратешки интерес нема да се изработуваат за нивната законски утврдена цел, туку за градби од стратешки интерес и дека се напуштаат правилата за хиерархија на урбанистичките плански документи и се издигнува урбанистичкиот проект над урбанистичките планови од повисоко ниво.

Меѓутоа, во членот 58 од Законот за урбанистичко планирање се утврдени видовите на урбанистичките проекти меѓу кои во ставот (6) на истиот член е предвиден урбанистички проект кој може да се изработува и за поединечни градби и инфраструктури од државно и локално значење воннаселени места и вонопфат на урбанистички планови на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно овој закон, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап, во кој случај урбанистичкиот проект се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот. Оттука произлегува можноста и потребата од изработка на урбанистички проект и за градбите од стратешки интерес како државни патишта, железнички пруги, магистрални гасоводи, како и други градби од јавен интерес кои се реализираат како стратешки инвестициони проекти или проекти од стратешко национално значење утврдени со закон кој се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот.

Воедно, од страна на подносителот се оспорува и членот 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23), така што се наведува дека во истиот се пропишани правила и постапката за изработка и одобрување на урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес. Притоа, според подносителот на Иницијативата, спротивно на темелната вредност на Уставот-уредувањето, хуманизацијата на просторот, како и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата, која се остварува преку систем од правила вградени во Законот за урбанистичко планирање, се предвидуваат сосема поинакви правила за изработка и одобрување на урбанистички проект за градби од стратешки интерес, за разлика од правилата кои се однесуваат на изработка и одобрување на другите видови на урбанистички проекти, во смисла на членот 62 од Законот за урбанистичко планирање, во чија постапка во целост е изоставена стручната ревизија на урбанистички проект, како и дека се ускратуваат сите можности на граѓаните за јавен увид и јавна расправа во урбанистичките проекти.

Меѓутоа, имајќи ги предвид одредбите на членот 63-а од Законот, се укажува дека се неосновани наводите на подносителот на Иницијативата, во однос на членот 4 од оспорениот закон, со оглед на тоа дека со новопредложениот член 63-а во целост е разработено прашањето на изработката и одобрувањето на урбанистички проект за градби од стратешки интерес, кој треба да ги содржи сите потребни документи и како комплетен се доставува до Владата на Република Северна Македонија на одобрување. Владата на Република Северна Македонија по однос на истиот донесува одлука со која го одобрува или не го одобрува урбанистички проект за градби од стратешки интерес во зависност од прибавените податоци и информации од субјектите од членот 47 став (1) од овој закон и мислењето од Агенцијата за катастар на недвижности по однос на извршено споредување на податоците од урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес со податоците од катастарскиот план, по што Агенцијата за катастар на недвижности по службена должност врши прибележување во катастарот на недвижности дека во тек е градба од стратешки интерес, врз основа на одлуката со која се одобрува урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес, одобрениот урбанистички проект за градби од стратешки интерес и Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени-нумерички податоци.

Врз основа на сето погоре наведено Владата на Република Северна Македонија смета дека членовите 1, 3 и 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23) се во согласност со член 8 алинеи 3 и 10, член 9, член 43, член 50 став 1 и став 2 и член 51 од Уставот на

Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива како неоснована.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Иво Серафимоски од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101460 и Имотен лист бр.101461, за КО Тетово 1, на КП бр.1864/1, викано место/улица „Љ.Божиновски58", со дополнување и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Јолакоска од Скопје за продажба на недвижен имот - градежно земјиште кое претставува 883/1052 идеален дел од КП бр.1870/2, КО Илинден, евидентирано во Имотен лист бр.3235, викано место „Трница" и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатиме Дурмиши од Тетово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.984 за КО Мала Речица, на КП бр.1520, викано место/улица „Село" и Имотен лист бр.100631 за КО Мала Речица, на КП бр.1520, викано место/улица „Село" и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.686, за КО Петровец, на КП бр.583/2, викано место/улица „Монопол" и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски, како и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.50585, за КО Кисела Вода 1, на КП бр.963/3, викано место/улица „Т. Петровски" и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 42**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 43**

**1.** Владата го разгледа Барањето за добивање на деловен простор на Агенцијата за цивилно воздухопловство, доставено до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, го прифати и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да подготви и до Владата на достави соодветни акти за реализација на Барањето.

**2.** Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Информацијата од Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем АД МЕПСО, согласно Извадокот од Нацрт-записникот, од Сто осумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29

август 2023 година, поради потребата материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**3.** Министерот за финансии ги информираше членовите на Владата дека предложените активности од Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно културно наследство на Охридскиот Регион (2023-2030) опфаќаат повеќе институции и органи на државна управа кои не се финансираат преку Буџетот на Република Северна Македонија, поради што не постои можност за отворање на посебна буџетска програма преку која би се финансирале мерките и активностите за заштита и управување со светското и културно наследство на Охридскиот Регион.

**4.** Владата го задолжи Министерството за финансии да подготви и за наредната седница на Владата да достави Барање за давање на автентично толкување на одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во делот дали постои правна пречка и судир на интереси, избрани или именувани лица, како и членови на нивните семејства да можат да купат граѓански обврзници.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за тековни предмети против Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 45**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје за втор квартал 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД за производство на електрична енергија - ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, за периодот 1 април - 30 јуни 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 47**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, за период од 1 април 2023 до 30 јуни 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на внатрешната ревизија за период од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работа на „М-НАВ“ АД-Скопје, за периодот јануари-март 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Цивилно-воениот комитет за воздухопловство за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје, за периодот 1 април 2023 година - 30 јуни 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за давање согласност на Одлуката за промена на дејноста, видот и називот на Јавната здравствена установа Институт по белодробни заболувања кај децата Козле - Скопје во Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле - Скопје и донесе Одлука за основање на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле - Скопје (усогласена со Секретаријатот за законодавство, согласно расправата на седницата).

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за поведување на постапка за водење на преговори за склучување договор за пристап до студии и прием на високо образование во Западен Балкан, со усогласен текст на Предлог и усогласен текст на Договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го усвои Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување договор за пристап до студии и прием на високо образование во Западен Балкан.

2. Го прифати Договорот за пристап до студии и прием на високо образование во Западен Балкан, како основа за водење на преговорите.

3. Се задолжуваат шефот и членот на Делегацијата на Република Северна Македонија, при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување на договорот за пристап до студии и прием на високо образование во Западен Балкан.

4. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Договорот, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

5. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена, до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори, со усогласениот, односно парафираниот текст на Договорот.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - варовник на локалитетот „Татарли Чука“, Општина

Валандово од Градежното друштво Гранит АД Скопје на Друштвото за трговија, земјоделство, производство и услуги Бониинтерградба ДОО увоз-извоз Струмица и условно ја донесе Одлуката за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - варовник на локалитетот „Татарли Чука“, Општина Валандово од Градежното друштво Гранит АД Скопје на Друштво за трговија, земјоделство, производство и услуги Бониинтерградба ДООувоз-извоз Струмица, доколку Секретаријатот за законодавство достави мислење по истата.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Предлог-договор за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги Вик Македонија ДООЕЛ како закупец на земјиште, со предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко - индустриската развојна зона Прилеп и за висината на закупнината.

2. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија и услуги Вик Македонија ДООЕЛ с. Алинци, Прилеп, како закупец на земјиште.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата Државното правобранителство на Република Северна Македонија како законски застапник на Министерството за финансии, да го застапува истото пред органите во Република Србија, во врска со отуѓувањето на акциите во Алта банка АД Белград, сопственост на Министерството за финансии, Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и го задолжи Државното правобранителство на Република Северна Македонија да поведе соодветни постапки пред органите на Република Србија доколку за истото постојат законски можности, заради заштита на правата и интересите на Министерството за финансии, Република Северна Македонија во врска со отуѓувањето на акциите во Алта банка АД Белград, сопственост на Министерството за финансии, Република Северна Македонија.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението за општествен развој Струга ЕОС - Струга - СЕОС и условно ја донесе Одлуката доколку текстот на истата се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:50 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |